Н А Ц Р Т

# З А П И С Н И К
од Педесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 25 февруари 2025 година

Скопје, февруари 2025 година

**З А П И С Н И К**
**од Педесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 февруари 2025 година**

Седницата започна во 12:35 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, членовите на Владата м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади.

На седницата присуствуваа и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија и Максим Ацевски, главен државен ревизор.

Од седницата отсуствуваа Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини и Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од Четириесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 јануари 2025 година

- Усвојување на Записникот од Педесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 февруари 2025 година

- Усвојување на Записникот од Педесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 февруари 2025 година

- Усвојување на Записникот од Педесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 февруари 2025 година

1. Информација за склучување на Анекс бр.2 кон Договорот за засновање на право на долготраен закуп на градежно земјиште со јавно наддавање

2. Информација за преотстапување на дрвна маса од Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - П.О. Скопје на КПУ Затвор Тетово, со дополнување и Предлог - одлука

3. Информација за утврдување на цените на извршените работи по хектар за проширена репродукција на шумите, со дополнување и Предлог-одлука

4. Предлог- одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Основен суд Неготино)

5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градење

6. Предлог на закон за изменување на Законот за Европски работнички совет, по скратена постапка

7. Предлог на закон за изменување на Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност

8. Предлог на закон за изменување на Законот за евиденциите во областа на трудот

9. Информација за отпочнување со реализација на проектот: Реконструкција на водоводна линија за село Страгово, Општина Кавадарци (почеток на стационажа 0+000,00 и завршеток на траса-стационажа 6+664,95) и Реконструкција на главна водоводна линија за село Сопот (од приклучна шахта на ул. „Западен булевар" до с.Сопот), Општина Кавадарци-почеток на стационажа 0+000,00 и завршеток на траса-стационажа 4+931,51

10. Информација за отпочнување со реализација на проектот: Реконструкција на ул. „29 Ноември" во Неготино

11. Информација во врска со поднесено Барање од Инвалл Мак ДООЕЛ Скопје за издавање на овластување за изградба на нов енергетски објект, со Предлог-одлука

12. Информација во врска со статус на реализација на Договорот за концесија за МХЕЦ бр.407 Пена од концесионерот ЦММ Енерѓи компани ДООЕЛ Скопје

13. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за услуги и трговија Фреш бокс фоод ДОО Скопје ул. „Георги Димитров" бр. 13 Скопје – Кисела Вода, со Предлог – одлука

14. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште врз кое има бесправно изграден објект со непосредна спогодба со Маргита Димитрова, со Предлог-одлука

15. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Трговец-поединец ТП ЕВРОКСАНА ВАСИЛ Томе Шапкаров Богданци ул.Маршал Тито бр.28-1/5 Богданци, со Предлог-одлука

16. Предлог-одлука за давање согласност на Решението за давање согласност за распределба на земјоделското земјиште во државна сопственост внесено во консолидационата маса согласно со предлогот за распределба на земјиштето во консолидационата маса во Катастарската општина Чифлик, Општина Чешиново-Облешево

17. Предлог - одлука за престанок на важење на Концесијата за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Врпчовски", с.Доброшинци, Општина Василево

18. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка(*)

19. Предлог на закон за ратификација на измената на Конвенцијата за оцена на влијанието врз животната средина во прекугранличен контекст усвоен во Софија, на 27 февруари 2001 година и втората измена на Конвенцијата за оцена на влијанието врз животната средина во прекугранличен контекст усвоен во Цавтат, на 4 јуни 2004 година

20. Информација за именување нов состав на Комитетот за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска

21. Информација за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, во периодот април-јуни 2024 година

22. Информација за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, во периодот јули - септември 2024 година

23. Информација за досегашното работење (досегашните активности) на Работната група за изнаоѓање на решение за воспоставување на централизирана база на податоци за државниот недвижен имот

24. Информација за реализирани електронски услуги преку посредници во центрите за Една точка на услуги (ЕТУ)

25. Предлог – одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за детски болести – Скопје

26. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Куманово

27. Извештај на ректорот за работата на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје за периодот 16 септември 2023 година - 1 октомври 2024 година

28. Барање за давање на автентично толкување на член 44 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), поднесено од градоначалникот на Општина Гевгелија

29. Информација за безбедносната состојба, поднесена од пратеници на пратеничката група на Европскиот фронт

30. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.261/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 3 во дел „крајот на месецот во“ од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/90, 11/91, 38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 233/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/24)

31. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.257/24 за оценување на уставноста на одредба од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 135/07, 18/11, 42/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 161/19, 178/21, 91/23, 218/24 и 235/24)

32. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.262/2024, за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 47 став 2 во делот „спогодба“ од Општиот колективен договор за јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.154/23)

33. Иницијатива од Емил Михајлов од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.187/24 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 4 точка 2, во делот „кое има склучено договор за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија наменето за автокамп согласно со овој закон или", член 5 став (3), членови 10 и 11, член 12 ставови 1, 2, 4 и 5, членови 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27 и 28 од Законот за автокампови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/13, 152/15 и 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 257/20) и на член 46 став (5) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19)

34. Понуда од нотар Ана Јолакоска од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.12425, за КО Сарај, на КП бр.10483, викано место/улица „Сарај“

35. Понуда од нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.100052 за КО Нов Дојран, на КП бр.1367, викано место/улица „Нов Дојран“

36. Кадровски прашања

37. Прашања и предлози

38. Информација за примена на Законот за медијација

39. Информација за преземени мерки по препораките на овластениот државен ревизор содржани во конечните ревизорски извештаи

40. Тримесечен финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми" П.О. - Скопје, за периодот јули - септември 2024 година

41. Финансиски извештај на Јавното претпријатие Колекторски систем, за период од 1 јули 2024 година до 30 септември 2024 година

42. Информација за процесот на усогласување на подзаконските акти со Законот за стоковните резерви, со цел чување на оризовата арпа како стоковна резерва

43. Информацијата во врска со Договорот за јавна набавка на работи бр. 03-118/1 од 16.1.2024 година и примена на член 16 од овој договор (ЈУ од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје)

44. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Министерството за култура на Република Северна Македонија (Сметка на основен буџет (637-10)) и Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Министерството за култура на Република Северна Македонија (Сметка на основен буџет (637-12))

45. Информација за подготовка на вторите нацрт верзии на ИПА III програмските документи за периодот 2025-2027 година, со прилози

46. Извештај за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со топлинска енергија на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија, за период од 21 ноември 2024 година до 20 декември 2024 година

47. Предлог - уредба за утврдување на поблиските критериуми и начинот на утврдување на висината за остварување на правото на додаток на плата на вработените во буџетските корисници, единките корисници и фондовите

48. Информација за измена на Решението бр.41-12574/5 од 24 декември 2024 година за формирање на Комисија за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со доставување на понуди за површини до 3 хектари по Јавен повик бр.02/24 со архивски бр.41-10761/6 од 11.12.2024 година, со Предлог-решение

49. Информација за организациони подготовки за присуство на меѓувладината седница помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Унгарија, на 3 и 4 март 2025 година во Будимпешта, Република Унгарија

50. Извештај за извршени преговори за потпишување на Рамковен аранжман за истражување, со усогласен текст на Рамковен аранжман за истражување

51. Предлог - одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на коефициентите и вредноста на коефициентот за пресметување на платите на директорите во националните установи од областа на културата

52. Предлог-одлука за дополнување на Одлуката за давање во закуп на недвижни ствари

*

*　　*

Владата без забелешки ги усвои Записникот од Четириесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 јануари 2025 година, Записникот од Педесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 февруари 2025 година, Записникот од Педесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 февруари 2025 година и Записникот од Педесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 февруари 2025 година.

*

*　　*

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Анекс бр.2 кон Договорот за засновање на право на долготраен закуп на градежно земјиште со јавно наддавање и ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за склучување на Анекс бр.2 кон Договорот за засновање на право на долготраен закуп на градежно земјиште со јавно наддавање.

2. Се препорачува на Општина Аеродром и Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачје Скопје да пристапат кон склучување на Анекс бр.2 кон Договорот за засновање на право на долготраен закуп на градежно земјиште со јавно наддавање, каде како договорна страна закупец ќе стои Комерцијална банка АД Скопје, наместо АДГ Илинден, во стечај.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за преотстапување на дрвна маса од Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - П.О. Скопје на КПУ Затвор - Тетово, со дополнување и Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за преотстапување на дрвна маса од Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - П.О. Скопје на КПУ Затвор - Тетово.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, да ја допрецизира постапката за преотстапувањето на дрвна маса од Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" - П.О. Скопје на други институции при следното изменување на Законот за шуми.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информација за утврдување на цените на извршените работи по хектар за проширена репродукција на шумите, со дополнување и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Ценовникот за утврдување на цените на извршените работи по хектар за проширена репродукција на шумите.

**Точка 4**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад.

**Точка 5**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за градење и го утврди со следниве заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Министерството за јавна администрација и Секретаријатот за законодавство.

2. Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за градење, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереник д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт.

**Точка 6**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за Европски работнички совет, по скратена постапка го утврди како Предлог на закон кој се носи по редовна постапка и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, а за повереник Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд.

## Точка 7

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност, по скратена постапка, го утврди како Предлог на закон за изменување на Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност кој се донесува по редовна постапка и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, а за повереник Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд.

## Точка 8

Владата го разгледа Предлог на закон за изменување на Законот за евиденциите во областа на трудот, по скратена постапка, го утврди како Предлог на закон за изменување на Законот за евиденциите во областа на трудот кој се донесува по редовна постапка и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, а за повереник Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд.

## Точка 9

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнување со реализација на проектот: Реконструкција на водоводна линија за село Страгово, Општина Кавадарци (почеток на стационажа 0+000,00 и завршеток на траса-стационажа 6+664,95) и Реконструкција на главна водоводна линија за село Сопот (од приклучна шахта на ул. „Западен булевар“ до с.Сопот), Општина Кавадарци-почеток на стационажа 0+000,00 и завршеток на траса-стационажа 4+931,51 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2025 и 2026 година на Министерството за транспорт, за Реконструкција на водоводна линија за село Страгово, општина Кавадарци (почеток на стационажа 0+000,00 и завршеток на траса-стационажа 6+664,95) и Реконструкција на главна водоводна линија за село Сопот (од приклучна шахта на ул. „Западен булевар“ до с. Сопот), Општина Кавадарци-почеток на стационажа 0+000,00 и завршеток на траса-стационажа 4+931,51, во вкупна вредност од 58,9 милиони денари со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 2025 година – средства во износ од 20 милиони денари со вклучен ДДВ и
- 2026 година – средства во износ од 38,9 милиони денари со вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Министерството за транспорт да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветната фискална година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за финансии.

## Точка 10

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнување со реализација на проектот: Реконструкција на ул. „29 Ноември“ во Неготино и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2025 и 2026 година на Министерството за транспорт, за реконструкција на ул. „29 Ноември“ во Неготино, во вкупна вредност од 36,5 милиони денари со ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 2025 година – средства во износ од 10 милиони денари со вклучен ДДВ и
- 2026 година – средства во износ од 26,5 милиони денари со вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Министерството за транспорт да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветната фискална година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за финансии.

## Точка 11

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање од Инвалл Мак ДООЕЛ Скопје за издавање на овластување за изградба на нов енергетски објект, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за овластување за изградба на енергетски објект фарма за ветерници на Друштвото за производство и трговија на електрична енергија Инвалл Мак ДООЕЛ Скопје, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 12

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статус на реализација на Договорот за концесија за МХЕЦ бр.407 Пена од концесионерот ЦММ Енерѓи компани ДООЕЛ Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Владата, како концедент, го одобри продолжувањето на разумниот рок за почеток со комерцијална работа на малата хидроелектрична централа за локацијата бр. 407 Пена до 22.3.2025 година.

2. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини писмено да го извести концесионерот ЦММ Енерѓи ДООЕЛ Скопје дека за локацијата бр.407 Пена, согласно член 13 став 7 од Договорот за концесија, му се продолжува разумниот рок до 22.3.2025 година, во кој е должен да ги исправи пропустите во однесувањето и да отпочне со комерцијална работа.

3.Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да побара од концесионерот ЦММ Енерѓи ДООЕЛ Скопје да ја продолжи банкарската гаранција за изведба за локацијата бр.407 Пена најмалку до 22.4.2025 година.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за услуги и трговија Фреш бокс фоод ДОО Скопје ул. „Георги Димитров“ бр. 13 Скопје – Кисела Вода, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште врз кое има бесправно изграден објект со непосредна спогодба со Маргита Димитрова, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште врз кое има бесправно изграден објект со непосредна спогодба.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Трговец-поединец ТП ЕВРОКСАНА ВАСИЛ Томе Шапкаров Богданци ул.Маршал Тито бр.28-1/5 Богданци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 16**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање согласност за распределба на земјоделското земјиште во државна сопственост внесено во консолидационата маса согласно со предлогот за распределба на земјиштето во консолидационата маса во Катастарската општина Чифлик, Општина Чешиново-Облешево.

**Точка 17**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на Концесијата за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Врпчовски“ с.Доброшинци, Општина Василево.

**Точка 18**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка(*), го утврди и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Игор Филков, министер за правда и м-р Ален Деребан, заменик на министерот за правда, а за повереник Дајанчо Ефтимов, државен секретар во Министерството за правда.

**Точка 19**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на измената на Конвенцијата за оцена на влијанието врз животната средина во прекугранични контекст усвоен во Софија, на 27 февруари 2001 година и втората измена на Конвенцијата за оцена на влијанието врз животната средина во прекуграничен контекст усвоен во Цавтат, на 4 јуни 2004 година, го утврди и заклучи да го достави до Собранието, согласно член 208 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија и Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереник Наташа Дескоска, помошник - директор во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за именување нов состав на Комитетот за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии, Министерството за финансии – Царинска управа, Министерството за здравство, Министерството за правда, Министерството за транспорт, Министерството за економија и труд, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за јавна администрација, Министерството за социјална

политика, демографија и млади, Министерството за образование и наука, Министерството за локална самоуправа, Министерството за култура и туризам, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за спорт, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за дигитална трансформација и Министерството за европски прашања, до Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, да доставaт номинации за член и заменик - член, во Комитетот за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, во рок од пет дена.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да подготви Предлог - решение за назначување на копретседавач, негови заменици, членови и нивни заменици на Комитетот за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и во рок од седум дена да го достави до Владата.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, во периодот април-јуни 2024 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за економија и труд - Државен инспекторат за труд, Министерството за транспорт - Државен инспекторат за градежништво и урбанизам, а се укажува на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија и ЕВН Македонија АД, Скопје, во рок од пет дена да постапат по барањата, укажувањата и препораките упатени до нив од Народниот правобранител во текот на април, мај и јуни 2024 година, по кои сè уште не постапиле и за тоа во рок од пет дена да ги известат Народниот правобранител и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжуваат сите органи на државната управа, а им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, да доставуваат суштински одговори до Народниот правобранител на Република Северна Македонија, кога ќе биде целосно завршено постапувањето по барањата и препораките на Народниот правобранител на Република Северна Македонија.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, во периодот јули - септември 2024 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за финансии, Министерството за економија и труд - Државен инспекторат за труд, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за транспорт - Државен инспекторат за градежништво и урбанизам, а се укажува на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Агенцијата за иселеништво на Република Северна Македонија, Агенцијата за супервизија на осигурувањето, Агенцијата за управување со одземен имот и Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" П.О. - Скопје, во рок од пет дена да постапат по барањата, укажувањата и препораките упатени до нив од Народниот правобранител во текот на јули, август и септември 2024 година, по кои сè уште не постапиле и за тоа во рок од пет дена да ги известат Народниот правобранител и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжуваат сите органи на државната управа и им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, да доставуваат суштински одговори до Народниот правобранител, кога ќе биде целосно завршено постапувањето по барањата и препораките на Народниот правобранител.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата за досегашното работење (досегашните активности) на Работната група за изнаоѓање на решение за воспоставување на централизирана база на податоци за државниот недвижен имот, ја усвои Информацијата и ги задолжи министерствата и другите органи на државната управа, а им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа, во рок од 30 дена да го пополнат онлине формуларот со потребните податоци, користејќи македонска поддршка на следниот линк: https://forms.office.com/Pages/ResponsePage.aspx?id=uNoa9Wwqdky92CD92jKkk9u0kPex mHhHtCJ5GghaWCZURTY3S1FZQlE3WDk5NzNDVUw5NEhZM1pVNC4u и истиот по завршување се испраќа и зачувува во електронска форма во Министерството за дигитална трансформација.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата за реализирани електронски услуги преку посредници во центрите за Една точка на услуги (ЕТУ) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат органите на државната управа, а им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа, во рок од седум дена, преку своите верификатори, да ги ажурираат податоците за внесените услуги во Каталогот на услуги на Националниот портал за електронски услуги кои ги обезбедуваат согласно закон.

2. Се задолжуваат органите на државната управа, а им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа, во рок од седум дена, преку своите верификатори, да ги внесат и верификуваат сите услуги во Каталогот на услуги на Националниот портал за електронски услуги за кои органот е надлежен согласно закон.

3. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација да продолжи со активности за реализација на програмските определби за обезбедување на поквалитетни и подостапни услуги за граѓаните, како и да спроведе едукативна кампања за користење на услугите преку порталот uslugi.gov.mk, до крајот на 2025 година.

## Точка 25

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за детски болести – Скопје.

## Точка 26

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Куманово.

## Точка 27

Владата го разгледа Извештајот на ректорот за работата на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје за периодот 16 септември 2023 година - 1 октомври 2024 година и притоа го утврди следното мислење:

Извештајот на ректорот за работата на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје за периодот 16 септември 2023 година - 1 октомври 2024 година, ги содржи сите задолжителни елементи од Правилникот за содржината и формата на извештајот за работата на ректорот, бр.1410-53 од 12.11.2021 година.

По однос на финансиското работење на Универзитетот и единиците во неговиот состав, потребно е да се достави консолидирана завршна сметка, со цел да се стекне целосна слика за финансиското работење на Универзитетот и истата да биде усогласена со трезорскиот систем.

## Точка 28

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 44 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), поднесено од градоначалникот на Општина Гевгелија и притоа го утврди следното мислење:

I. Како причина за поднесување на предметното Барање, подносителот ја наведува доследната и јасна примена на одредбата од член 44 став (2), која се однесува на неспојливост на функции и гласи:

„(2) Функцијата Претседател на Републиката, претседател на Владата на Република Македонија, министер, пратеник, член на совет, градоначалник, судија, јавен обвинител, јавен правобранител, народен правобранител и други функции кои ги избира или именува Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија или органите на локалната самоуправа се неспојливи една со друга".

Понатаму, во предметното Барање, подносителот наведува дека бара автентично толкување на горенаведената одредба, во насока на тоа дали помеѓу функцијата член на совет и функцијата директор на јавна здравствена установа постои судир на интереси, бидејќи министерот за здравство именува директор на јавна здравствена установа.

II. Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси содржи прецизни одредби кои се однесуваат на забрани за вршење дејности и неспојливост на функции, вклучително и забрана, согласно која избрано или именувано лице не може истовремено да врши функција на одговорно лице или член на орган на управување или надзорен орган во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал [член 44 став (4)].

Со член 2 став (3) од Законот, јасно е дефинирано значењето на поимот „судир на интереси":
„Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности".

Член 4 (Начело на интегритет) од Законот утврдува должност секое лице во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.

За службеното лице е утврдена должност во извршувањето на јавните овластувања и должности:
- да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес и
- во вршењето на својата функција да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице.

Понатаму, со член 72 став (1) од Законот е утврдена должноста службеното лице во своето работење да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.

Со член 75 од Законот е утврдена должност службеното лице кога ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување.

Со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, член 17, утврдени се надлежностите на Државната комисија за спречување на корупцијата, меѓу кои е и надлежноста да постапува во случаи на судир на интереси. За поведување на постапката и донесување на одлука за постоење или непостоење на судир на интереси единствено надлежна е Државната комисија за спречување на корупцијата (член 76 од Законот). Со одредбите од член 72 став (3) и член 74 став (3) утврдена е должност за службеното лице да побара мислење од Државната комисија, во случај на постоење на сомневање за судир на интереси.

III. Од горенаведеното, произлегува дека со предметното Барање не се оспорува јасноста на одредбите за кои се бара автентично толкување, ниту пак се наведени причини од кои произлегува дека тие одредби се нејасни, односно дека е потребно давање автентично толкување.

Поради тоа, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентично толкување на член 44 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

## Точка 29

Владата ја разгледа Информацијата за безбедносната состојба, поднесена од пратеници на пратеничката група на Европскиот фронт и го утврди Мислењето на Министерството за внатрешни работи, како одговор и заклучи да го достави до Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 30

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.261/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 3 во дел „крајот на месецот во“ од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/90, 11/91, 38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 233/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/24) и притоа го утврди следното мислење:

Согласно наводите во Иницијативата, со оспорениот член 3 во делот „до крајот на месецот во“ се доведува во прашање основаноста на остварувањето на правата на функционерите до крајот на месецот во кој им престанала функцијата, доведувајќи го во корелација со член 58 став 1 од Уставот и сопственоста на трудот, како основа за управување и учество во одлучувањето. Подносителот на Иницијативата смета дека доколку некој не врши работа, односно не вложува труд, нема основаност ни за плаќање, во случајов до крајот на месецот во кој му престанала функцијата на избраното, односно именуваното лице. Притоа, смета дека се повредени членот 32 ставови 3 и 5 и член 58 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно член 32 став 3 од Уставот, секој вработен има право на соодветна заработувачка. Со ставот 5 од истиот член се предвидува дека остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.

Согласно член 58 став 1 од сопственоста на трудот се основа за управување и учество во одлучувањето.

Членот 3 од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Северна Македонија дефинира дека правата утврдени со овој закон им припаѓаат на функционерите и на раководните работници од денот на изборот, именувањето, односно назначувањето до крајот на месецот во кој им престанала функцијата, а на пратениците во Собранието од денот на верификацијата на мандатот до крајот на месецот во кој им престанал пратеничкиот мандат, ако со овој закон не е поинаку определено.

Уставното право дека трудот е основа на сопственост и управување значи дека секоја форма на труд мора да биде признаена и вреднувана според нејзиното општествено значење. Оттука, трудот на избраните и именуваните лица, кој е фокусиран на управување и донесување на одлуки со далекусежни последици, има посебна вредност и мора да биде адекватно регулирано. Затоа, во нашето законодавство постои посебна правна регулација на оваа категорија на лица. Функционерите вршат значајни јавни должности, а правото на плата до крајот на месецот обезбедува правен и административен континуитет, што е клучно за функционирање на институциите. Преодниот период по завршувањето на мандатот е суштински за административниот трансфер на обврските, што го оправдува овој пристап.

Понатаму, овој механизам им обезбедува на функционерите правна и социјална сигурност при преминот од функцијата. Тоа е битно за да се спречи финансиска несигурност и да се зачува интегритетот на функцијата. Така, принципот за право на плата до крајот на месецот е разумна компензација за непредвидените и често несекојдневни обврски кои избраните и именуваните лица ги извршуваат додека се на функција. Платата или надоместокот на плата на функционерите не е само надомест за труд, туку надомест и за одговорност и статус. Тие се назначени на јавни функции со голема одговорност и постојан притисок (и работен и личен) и не добиваат само надомест за работните часови, туку и за нивната достапност, подготвеност да работат и одговорноста што ја носи функцијата.

Финансиските импликации за државата од оваа одредба се минимални, додека позитивните ефекти врз интегритетот и стабилноста на јавната функција се значајни. Затоа, ваквото решение не го повредува принципот на правичност, туку напротив, го зајакнува, бидејќи функционерите често се соочуваат со притисоци, но и одговорност да донесуваат одлуки кои се однесуваат на голем број на граѓани.

Тие често работат во услови кои можат да бараат ангажман надвор од работното време или имаат специфични обврски. Дополнителната „плата до крајот на месецот“ може да се смета како компензација за труд кој не секогаш е мерлив, но кој бил вложен во претходните периоди.

Генералното отстапување што го дозволува законот не е произволно, туку целосно оправдано од потребата да се заштити интегритетот на функцијата. Во спротивно, функционерите би биле ставени во неизвесна позиција или би биле принудени на компромиси пред крајот на мандатот. Во оваа смисла Законот не ја предвидува одредбата за да се плаќа труд кој не постои, туку за да се обезбеди правна сигурност, институционален континуитет и фер третман на функционерите кои носат одговорност и во периодот кога функцијата им престанува.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија, смета дека член 3 од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/90, 44/90, 11/91, 38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 233/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.51/24), во делот „до крајот на месецот во", е во согласност со членот 32 ставови 3 и 5 и член 58 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на оспорената одредба, со предлог да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на овој член од Законот.

## Точка 31

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.257/24 за оценување на уставноста на одредба од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 135/07, 18/11, 42/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 161/19, 178/21, 91/23, 218/24 и 235/24) и притоа го утврди следното мислење:

Во членот 16-б од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија" 135/07, 17/08, 18/11, 42/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 187/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16) и („Службен весник на Република Северна Македонија" 161/19, 178/21, 91/23, 218/24 и 235/24) е пропишана Постапка за консолидација на земјоделско земјиште во државна сопственост.

На 30.12.2013 година од страна на Собранието на Република Македонија е донесен Законот за консолидација на земјоделско земјиште објавен во „Службен весник на Република Македонија" 187/13, 61/16 и 83/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија" 122/21) кој е донесен на 30.12.2013 година, а стапил на сила на 7.1.2014 година. Согласно член 45 од Законот за консолидација на земјоделско земјиште е предвидено дека „Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат членовите 16-а и 16-б од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13 и 106/13).

Одредбата од членот 165 став 3 гласи: Размената може да се врши само доколку земјоделското земјиште кое подносителот на барањето го отстапува за размена е во негова сопственост и граничи со земјоделско земјиште во државна сопственост, а истовремено

поседува и земјоделско земјиште во негова сопственост, кое граничи со земјоделско земјиште во државна сопственост на местото каде што се бара размената, освен во случаите утврдени во ставот 4 на овој член и членот 16-б став 2 од овој закон, односно повикува на одредба од Законот која повеќе не е во правна сила.

Имајќи го предвид горе наведеното, се смета дека неусогласеноста во Законот за земјоделското земјиште, иницира измени на Законот за земјоделското земјиште со цел усогласување на одредбите со Законот за консолидација на земјоделско земјиште, односно бришење на зборовите „и членот 16-б став 2 од овој закон" од член 16 став од Законот за земјоделско земјиште. Отпочната е постапка за усогласување и корекција на настанатите технички грешки и Владата на Република Северна Македонија смета дека Иницијативата за уставност е неоснована и треба да се отфрли, односно му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на истата.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.262/2024, за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 47 став 2 во делот „спогодба" од Општиот колективен договор за јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.154/23) и притоа го утврди следното мислење:

Согласно наводите во Иницијативата, со оспорениот член 47 став (2) во делот „спогодба" со кој се утврдува дека коефициентите на сложеност за работните места ќе бидат утврдени со спогодба помеѓу потписниците на Колективниот договор, се остава можност арбитрерно да се договорат коефициентите во спогодбата што доведувало до правна несигурност, што е во спротивност со членот 8 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно член 8 алинеја 3 од Уставот, темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, меѓу другите е и владеењето на правото.

Членот 13 од Општиот колективен договор уредува дека основната бруто-плата на вработените во јавниот сектор е составена од:
-просечна бруто-плата и
- коефициент на сложеност на работното место.

Просечна бруто-плата е просечната месечна исплатена бруто-плата по вработен во Републиката за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика.
Понатаму, согласно истиот член, коефициент на сложеност на работното место се утврдува со закон или колективен договор, а основната бруто-плата на вработените во јавниот сектор се пресметува на начин што просечната бруто-плата се множи со коефициентот на сложеност на работното место.

Општиот колективен договор за јавниот сектор во членот 47 дефинира дека начинот на пресметување на бруто-платата согласно член 13 од Колективниот договор започнува да се

применува од 1.3.2025 година и дека страните на Колективниот договор се обврзуваат да склучат спогодба со која ќе ги утврдат коефициентите на сложеност на работното место (на две децимали), најдоцна до декември 2024 година.

Во областа на колективното договарање во Република Северна Македонија е востановена пракса колективните договори да се изменуваат и дополнуваат не преку склучување на колективни договори за изменување и дополнување на колективниот договор, туку на единствен начин–со спогодба која ја потпишуваат двете страни кои се потписнички и на основниот колективен договор. Тоа е општо прифатена номотехничка форма со кои се прават интервенции кај овој вид на акти и притоа, во правниот промет спогодбите се со иста правна сила како и основните колективни договори и имаат единствена намена, а тоа е да го изменат или дополнат колективниот договор. Дополнително, при доуредувањето на одредбите преку спогодба, исклучена е арбитрерноста токму затоа што се работи за спогодување, односно искажување на заедничка одлука на две страни да уредат некое прашање на одреден начин. Во оваа смисла, доуредувањето на одредбите од Колективниот договор со спогодба, во никој случај не доведува до правна несигурност на граѓаните.

Имајќи го предвид горенаведеното, се смета дека членот 47 став (2) во делот „спогодба" од Општиот колективен договор за јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.154/23) е во согласност со членот 8 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на оспорената одредба, односно да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на овој член од Општиот колективен договор за јавниот сектор.

## Точка 33

Владата ја разгледа Иницијативата од Емил Михајлов од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.187/24 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 4 точка 2, во делот „кое има склучено договор за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија наменето за автокамп согласно со овој закон или", член 5 став (3), членови 10 и 11, член 12 ставови 1, 2, 4 и 5, членови 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27 и 28 од Законот за автокампови („Службен весник на Република Македонија" бр. 13/13, 152/15 и 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 257/20) и на член 46 став (5) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19) и притоа го утврди следново мислење:

Со Иницијативата се предлага поведување на постапка за оценување на уставноста на член 4 точка 2, член 5 став (3), член 10, член 11, членови 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27 и 28 од Законот за автокампови („Службен весник на Република Македонија" бр. 13/13, 152/15 и 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 257/20) и на член 46 став (5) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна

Македонија" бр. 275/19), со кој е предвидено дека „постапките од ставот (1) на овој член ги води Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, доколку градежното земјиште согласно со урбанистички план или урбанистичка планска документација е планирано за изградба на туристички развојни зони и автокампови, согласно со Законот за туристички развојни зони, односно Законот за автокампови."

Имено, подносителот на Иницијативата смета дека оспорените одредби од Законот за автокампови („Службен весник на Република Македонија" бр. 13/13, 152/15 и 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 257/20) и Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19), се во спротивност со одредбите на член 8 став (1) алинеја 3, 7 и 9, член 55 ставови (1), (2) и (3) и член 114 став (1) и член 115 став (1) од Уставот на Република Северна Македонија, без притоа да ги земе предвид содржинските карактеристики на автокамповите како недвижен имот изграден на градежно земјиште кое земјиште може да биде во сопственост на Република Северна Македонија, општините, општините во Град Скопје и Град Скопје, јавните претпријатија, акционерски друштва и други субјекти основани од Владата на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија и во сопственост на домашни и странски физички и правни лица, под услови утврдени со Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19) и друг закон, а посебно во делот на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија, за кое конкретно е утврдено согласно материјалните одредби од член 7 со Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19) дека со истото управува Владата на Република Северна Македонија.

Согласно член 8 став (1) алинеја 3, 7 и 9 од Уставот на Република Северна Македонија, „темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија е владеењето на правото, слободата на пазарот и претприемништвото и локалната самоуправа", а во таа насока се и оспорените одредби, од причина што законодавецот преку нив извршил конкретно дефинирање на автокамповите како недвижен имот кој има третман на јавен интерес, со тоа што нивното основање го поврзал со воспоставено право на сопственост и другите стварни права на градежното земјиште, за кое претходно е потребно известување до единицата на локалната самоуправа и прибавување на мислење од истата (на чие подрачје се предвидува формирање на автокамп преку) во поглед на урбанистичко планската документација, што претставува вклученост на единиците на локалната самоуправа во процесот на основање на автокамповите.

Согласно член 55 став (3) од Уставот на Република Северна Македонија „се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото. Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот. Слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето", со член 114 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, „на граѓаните им се гарантира

правото на локална самоуправа", со член 115 став (1) од Уставот на Република Северна Македонија, „во единиците на локалната самоуправа граѓаните непосредно и преку претставници учествуваат во одлучувањето за прашања од локално значење, а особено во областите на урбанизмот, комуналните дејности, културата, спортот, социјалната и детската заштита, предучилишното воспитување, основното образование, основната здравствена заштита и во други области утврдени со закон", а во насока на истите со оспорените одредби од член 46 став (5) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19) законодавецот извршил конкретно разграничување на надлежностите за располагањето и управувањето со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија кое со урбанистички план или урбанистичка планска документација е планирано автокампови, на тој начин што управувањето е во надлежност на Владата на Република Северна Македонија, додека располагањето е во надлежност на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, при што ирелевантни се наводите на подносителот на Иницијативата за исклучување на единиците на локалната самоуправа, од причина што единиците на локалната самоуправа немаат законска надлежност да управуваат со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија.

Во членот 1 од Законот за автокампови се уредуваат начинот и постапката за основање на автокамп, постапката за отуѓување на градежното земјиште наменето за автокамп, условите кои треба да ги исполнат корисниците на автокамповите, како и други прашања поврзани со автокамповите.

Во членот 2 од истиот закон е предвидено дека, „целта на овој закон е развој на туризмот со привлекување на странски и домашен капитал за формирање на автокампови".

Со членот 4 точка 2 од Законот за автокампови е предвидено дека „корисник на автокамп е секое домашно или странско физичко или правно лице кое има склучено договор за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија наменето за автокамп согласно овој закон или кое е сопственик на градежно земјиште, односно закупец на градежно земјиште сопственост на друго правно или физичко лице наменето за автокамп и кое има добиено решение за категоризација на автокамп согласно со одредбите од овој закон".

Согласно член 5 став (2) од истиот закон „автокамп може да се основа доколку земјиштето е во целосна сопственост на Република Северна Македонија или пак доколку земјиштето е во сопственост на правно или физичко лице и ставот (3) во кој предвидено е дека „градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија наменето за автокамп се отуѓува согласно со одредбите од овој закон".

Подносителот на Иницијативата смета дека со оспорените одредби од Законот за автокампови и Законот за градежно земјиште било повредено начелото на владеење на правото. Имено, оспорувањето на одредбите од законите е неосновано со фактот дека законодавецот како lex specialis на посебен начин ги уредил поимите кои се користат во законот, условите и начинот за основање на автокамп, постапката за отуѓување на

градежното земјиште, јавната објава за спроведување на постапка за јавно наддавање итн., па оттука, не може да станува збор за повреда на начелото на владеење на правото.

Исто така, заради самата материја која ја уредува, оспорениот Закон за автокампови ја исклучува примената на Законот за градежно земјиште во однос на постапката на отуѓување на градежното земјиште сопственост на Републиката по пат на јавно наддавање на што укажува и членот 46 став (5) од Законот за градежно земјиште со кој е предвидено дека „постапките за отуѓување и давање под долготраен и краткотраен закуп на градежно земјиште и за засновање на право на стварна службеност на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, во име на Република Северна Македонија ги води Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, согласно Законот за автокампови.

Воедно, со член 97 став (8) од Законот за градежно земјиште, а во однос на автокамповите е предвидено дека „уредувањето на градежното земјиште за потребите на автокамповите до границата на автокампот се врши од страна на единиците на локалната самоуправа и/или Владата на Република Северна Македонија, а во рамките на автокампот од страна на корисникот/сопственикот на автокампот.

Исто така, подносителот на Иницијативата смета дека со оспорените одредби од Законот за автокампови било повредено начелото на слободата на пазарот и претприемштвото, за што се смета дека се неосновани наводи. Имено, со членот 5 став (3) од Законот за автокампови е предвидено дека, „корисник на автокамп е секое домашно или странско физичко или правно лице кое има склучено договор за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија наменето за автокамп согласно со овој закон или кое е сопственик на градежно земјиште, односно закупец на градежно земјиште......"

Воедно, се смета дека се неосновани наводите за повреда и на начелото на локална самоуправа од причина што во член 3 од Законот за автокампови е предвидено дека „изградбата и изведувањето на работите за основање и работење на автокамп е од јавен интерес".„ Со оваа одредба законодавецот предвидел дека формирањето на автокамп исклучиво е од јавен инстрес, а не од јавен интерес со локално значење. Напред наведеното може да се поткрепи и со членот 20 од Законот за локалната самоуправа кој предвидува дека „општините, во рамките на законот, во согласност со начелото на супсидијарност, имаат право на своето подрачје да ги вршат работите од јавен интерес од локално значење, што не се исклучени од нивна надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт", а во Законот за автокампови законодавецот предвидел дека работите во врска со формирањето, развојот и следењето на автокамповите предвидени на земјиште во сопственост на Република Северна Македонија ќе ги врши Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија во согласност со овој закон и друг закон.

Имајќи го предвид претходно наведеното, оспорениот член 4 точка 2 во делот „кое има склучено договор за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија наменето за автокамп согласно со овој закон или", член 5 став (3), членови 10, 11, член 12 ставови 1, 2 4 и 5, членови 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27 и 28 од Законот за автокампови („Службен весник на Република Македонија" бр. 13/13, 152/15 и

31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 257/20) и на член 46 став (5) од („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19), не се во спротивност со член 8 став 1 алинеја 3, 7 и 9, член 55 ставови 1, 2 и 3 и член 114 став (1) и член 115 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, односно дека не се повредени темелните вредности на уставниот поредок, владеењето на правото, слободата на пазарот и претприемништвото и локалната самоуправа, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение за неповедување постапка за оценување на Иницијативата од Емил Михајлов од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.187/24 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 4 точка 2, во делот „кое има склучено договор за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија наменето за автокамп согласно со овој закон или", член 5 став (3), членови 10 и 11, член 12 ставови 1, 2, 4 и 5, членови 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27 и 28 од Законот за автокампови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/13, 152/15 и 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 257/20) и на член 46 став (5) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19).

## Точка 34

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Јолакоска од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.12425, за КО Сарај, на КП бр.10483, викано место/улица „Сарај“ и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт, како и мислењата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за катастар на недвижности.

## Точка 35

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.100052 за КО Нов Дојран, на КП бр.1367, викано место/улица „Нов Дојран“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

## Точка 36

Владата заклучи:

1. Владата го разреши Пеце Стојковски, од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството – Битола.

2. Владата го именува Пеце Стојковски за директор на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството – Битола и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата го разреши Васе Анакиев, од должноста вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за земјоделство, орган во состав на Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство.

4. Владата го именува Васе Анакиев за директор на Државниот инспекторат за земјоделство, орган во состав на Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

5. Владата го разреши Шабан Алајбегу, од должноста вршител на должноста директор на Државниот просветен инспекторат, орган во состав на Министерството за образование и наука.

6. Владата го именува Шабан Алајбегу за директор на Државниот просветен инспекторат, орган во состав на Министерството за образование и наука, на предлог на министерот за образование и наука и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

7. Владата ја разреши проф. д-р. Сузана Јордановска, од должноста вршител на должноста директор на Државната фитосанитарна лабораторија, орган во состав на Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство.

8. Владата ја именува проф. д-р. Сузана Јордановска за директор на Државната фитосанитарна лабораторија, орган во состав на Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство, на предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и истовремено ѝ утврди коефициент за пресметување на плата.

9. Владата го разреши Хаќим Рамадани, од должноста вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за локална самоуправа, орган во состав на Министерството за локална самоуправа.

10. Владата го именува Хаќим Рамадани за директор на Државниот инспекторат за локална самоуправа, орган во состав на Министерството за локална самоуправа и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

11. Владата го разреши Арбен Рамадани, од должноста вршител на должноста главен ревизор на Ревизорско тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош.

12. Владата го именува Милаим Абдураими за главен ревизор на Ревизорско тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

13. Владата го разреши Иван Игњатов, од должноста вршител на должноста заменик на главниот ревизор на Ревизорско тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош.

14. Владата го именува Иван Игњатов за заменик на главниот ревизор на Ревизорско тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

15. Владата го разреши Џеладин Џеладини, од должноста вршител на должноста директор на Казнено - поправна установа Затвор – Тетово.

16. Владата го именува Џеладин Џеладини за директор на Казнено - поправна установа Затвор - Тетово и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

17. Владата го разреши Слободан Ивановски, од должноста вршител на должноста директор на Управата за финансиска полиција, орган во состав на Министерството за финансии, на предлог на министерот за финансии.

18. Владата го именува Слободан Ивановски за директор на Управата за финансиска полиција, орган во состав на Министерството за финансии, на предлог на министерот за финансии и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата и зголемување за 30% на платата утврдена за извршување на функцијата.

19. Владата го разреши Илија Арнаудоски, од должноста вршител на должноста капетан на Капетанијата на пристаништата, орган во состав на Министерството за транспорт.

20. Владата го именува Илија Арнаудоски за капетан на Капетанијата на пристаништата, орган во состав на Министерството за транспорт и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

21. Владата го разрши Оливер Миланов, од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија.

22. Владата го именува Оливер Миланов за директор на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

23. Владата за членови на Комисијата за разгледување на пријави доставени од кандидати по објавениот Јавен оглас бр.14/2025 за именување на два (2) члена на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги и услуги на управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, ги именува:

-проф. д-р Константин Димитров,
-проф. д-р Виктор Гавриловски,
-д-р Гоце Божиноски,
-д-р Ѓорѓе Качурков и
-Александар Левкоски.

24. Владата го разреши Иљир Рамадани, од должноста вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за транспорт, орган во состав на Министерство за транспорт, на негово барање.

25. Владата врз основа на член 15 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) му предлага на Собранието на Република Северна Македонија, да ги именува:

- Љубица Караманди Попчевски за директор на Агенцијата за администрација и
- Мухамед Красниќи за заменик на директорот на Агенцијата за администрација.

26. Владата го разреши Александар Наумоски, од должноста претседател на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија.

27. Владата го именува Филип Василески за вршител на должноста претседател на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

28. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави Јавен оглас во два дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Државниот комунален инспекторат.

29. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави Јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Управата за електронско здравство.

30. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави Јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на директор на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој.

31. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави Јавен повик на веб-страницата на Владата и во најмалку два дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Агенција за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија.

32. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави Јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

33. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави Јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Државниот инспекторат за животна средина.

34. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави Јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Државниот инспекторат за шумарство и ловство.

35. Владата заклучи да му предложи на Собранието на акционери на Македонски Телеком, Акционерско друштво за електронски комуникации – Скопје, од должноста членови на Одборот на директори да ги отповика членовите предложени од Владата на седницата на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 ноември 2020 година, како и од седницата на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 април 2023 година.

Истовремено, Владата заклучи да го отповика даденото полномошно на Марија Митаноска Димовска да присуствува на Собранието на акционери на Македонски Телеком, Акционерско друштво за електронски комуникации – Скопје.

**Точка 37**

**1.** Владата ја одложи од разгледување Информацијата за реализирани активности за учество на Република Северна Македонија на ЕКСПО 2025, Осака, Кансаи, Јапонија, со Предлог-уредба, за наредната седница на Владата.

**2.** Владата по повод одбележувањето на 21 година од трагичната смрт на поранешниот Претседател Борис Трајковски и на членовите на Делегацијата кои го придружуваа, ги донесе следните заклучоци:

1) Определи Делегација во следниот состав:

- Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт,
- м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање и
- м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана,

да присуствува на положување цвеќе на 26 февруари 2025 година, во 11 часот на Градските гробишта Бутел во Скопје.

2) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди цветен аранжман и венци за свеченото положување на цвеќе и превоз за Делегацијата, на 26 февруари 2025 година.

**3.** Владата ја разгледа Информацијата за постапување по заклучоците, донесени по Иницијативата за воспоставување на меѓуинституционална соработка во делот на справување со појавите на вандалско однесување и оштетување на урбаната опрема, јавните површини и јавните добра од страна на малолетници, на Педесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 февруари 2025 година, како материјал за информирање.

**4.** Владата го разгледа Барањето од Министерството за внатрешни работи за изменување на заклучокот од Извадокот од Нацрт – записникот од Четириесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 јануари 2025 година, точка 38, по Информацијата во врска со можни решенија за експедитивно решавање на прашањето на престој и студирање по основ на мобилност од ЕРАЗМУС Програмата, го прифати Барањето и заклучи кварталот на доставување на Предлогот на закон, наместо „третиот квартал" да се измени и да гласи „четвртиот квартал".

**5.** По повод укажувањето на Горан Минчев, министер за јавна администрација, Владата заклучи сите министерства при доставување на предлози на закони во владина постапка да го почитуваат Упатството за начинот на постапување во работата на министерствата во процесот на спроведување на проценка на влијанието на регулативата, односно истите да се доставуваат откако Министерството за јавна администрација ќе достави мислење по нацрт-извештајот за проценка на влијанието на регулативата, по спроведен процес на консултации на ЕНЕР.

**6.** Владата го задолжи Министерството за економија и труд во рок од 60 да подготви и до Владата да достави Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за угостителска дејност со кој би се пропишало давање на согласност од страна на Владата на Република Северна Македонија на решенијата за категоризација на угостителските објекти, донесени од министерот за економија и труд.

**7.** Владата во врска со преземањето на нераспределените административни службеници, вработени преку К-5 Програмата, во Министерството за односи меѓу заедниците, ги донесе следните заклучоци:

1) Се задолжуваат Министерството за правда – Управа за водење матични книги - Скопје, Министерството за правда – Управа за водење матични книги - Липково, Министерството за правда – Управа за водење матични книги - Куманово, Министерството за правда – Управа за водење матични книги – Берово, Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта – Битола, Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта – Тетово, Агенцијата за катастар на недвижности – Струга, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој – Скопје, Државното правобранителство за Република Северна Македонија – Кичево, ЈЗУ Институт за белодробни заболувања кај децата – Скопје, Јавната установа Национален парк Шар Планина-Тетово, НУ Уметничка галерија Тетово – Тетово, НУ Библиотека „Кочо Рацин" Тетово – Тетово и НУ Музеј на тетовскиот крај Тетово-Тетово, во рок од седум дена да ги усогласат актите за систематизација на работни места согласно К-5 Програмата и истите да ги достават на согласност до Министерството за јавна администрација.

2) Се задолжуваат Министерството за дигитална трансформација - Скопје, Министерството за јавна администрација - Скопје, Министерството за животна средина и просторно планирање – Скопје, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство – Скопје, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство – Гостивар, Министерство за образование и наука - Државен просветен инспекторат – Кичево, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија – Кичево, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија – Куманово, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија – Струга, Агенцијата за катастар на недвижности – Скопје, Агенцијата за катастар на недвижности – Куманово, Агенцијата за катастар на недвижности – Прилеп, Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството – Тетово, Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството – Куманово, Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството – Велес, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руруалниот развој – Скопје, Бирото за регионален развој – Скопје, Државното правобранителство на Република Северна Македонија – Куманово, Државното правобранителство на Република Северна Македонија – Тетово, ЈП Национална радиодифузија Скопје, ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје – Скопје, ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Ресен, Националната агенција за европски образовни програми и мобилност – Скопје, Националната галерија на Република Северна Македонија – Скопје, НУ „Уметничка галерија" Тетово, Универзитетот „Мајка Тереза" Скопје, а се укажува на Собранието на Република Северна Македонија, во најкус рок да ги преземат преведувачите/толкувачите од Министерството за односи меѓу заедниците, а Министерството за финансии да даде согласност за преземањето на истите.

**8.** Министерот за надворешни работи и надворешна трговија, д-р Тимчо Муцунски, ги информираше членовите на Владата дека Информацијата за потпишување на Заедничката политичка декларација за основање Совет за соработка на високо ниво меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција, со усогласен текст на Декларација ќе се разгледа на наредната седница на Владата.

**9.** Владата го разгледа Предлогот за разрешување од функцијата јавен обвинител на Република Северна Македонија и го утврди со следните заклучоци:

1) Текстот на Предлогот за разрешување од функцијата јавен обвинител на Република Северна Македонија да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2) Усогласениот текст на Предлогот, согласно член 88 став 4 од Законот за јавното обвинителство да се достави до Советот на Јавните обвинители на Република Северна Македонија, кој е должен во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот, до Владата на Република Северна Македонија да достави образложено позитивно или негативно мислење во писмена форма.

## <u>Точка 38</u>

Владата ја разгледа Информацијата за примена на Законот за медијација, како материјал за информирање.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата за преземени мерки по препораките на овластениот државен ревизор содржани во конечните ревизорски извештаи, како материјал за информирање.

**Точка 40**

Владата го разгледа Тримесечениот финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми" П.О. - Скопје, за периодот јули - септември 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 41**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Јавното претпријатие Колекторски систем, за период од 1 јули 2024 година до 30 септември 2024 година, како материјал за информирање.

Исто така, се задолжува Јавното претпријатие Колекторски систем - Скопје, во соработка со Министерството за финансии и Министерството за животна средина и просторно планирање да подготви и во рок од 30 дена до Владата да достави информација со конкретно решение во врска со прашањето кое се однесува на состојбата со ненаплатените побарувања на претпријатието.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата за процесот на усогласување на подзаконските акти со Законот за стоковните резерви, со цел чување на оризовата арпа како стоковна резерва, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, на 26 февруари 2025 година (среда), да одржи работен состанок со претставници од Министерството за финансии, Министерството за економија и труд и Агенцијата за стоковни резерви, во врска со потребата од изменување на подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за стоковните резерви и на наредната седница да ја информира Владата за донесените подзаконски акти.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Договорот за јавна набавка на работи бр. 03-118/1 од 16.1.2024 година и примена на член 16 од овој договор, како материјал за информирање.

**Точка 44**

Владата ги разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Министерството за култура на Република Северна Македонија (Сметка на основен буџет (637-10)) и Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на

Министерството за култура на Република Северна Македонија (Сметка на основен буџет (637-12)), како материјал за информирање.

1. Се задолжува Министерството за култура и туризам да подготви Акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од конечните извештаи и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата на Република Северна Македонија и до Државниот завод за ревизија.

2. Се задолжува Министерството за култура и туризам до Владата на Република Северна Македонија да достави Информација дали Јавното обвинителство на Република Северна Македонија има побарано дополнителна документација и дали Министерството за култура и туризам има постапено по истото.

## Точка 45

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на вторите нацрт-верзии на ИПА III програмските документи за периодот 2025-2027 година, со прилози  и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за образование и наука, да ги преземе сите мерки за планирање на активностите од дел II Опис на ИПА Повеќегодишна акциска програма 2025-2027 година, од Информацијата за подготовка на вторите нацрт-верзии на ИПА III програмските документи за периодот 2025-2027 година, најдоцна до септември 2025 година.

2. Се задолжуваат Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Министерството за дигитална трансформација и Министерството за јавна администрација, да ги преземат сите мерки за планирање на активностите од дел II Опис на ИПА Повеќегодишна акциска програма 2025-2027 година, од Информацијата за подготовка на вторите нацрт-верзии на ИПА III програмските документи за периодот 2025-2027 година, најдоцна до септември 2026 година.

## Точка 46

Владата го разгледа и го прифати Извештајот за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со топлинска енергија на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија, за период од 21 ноември 2024 година до 20 декември 2024 година и согласно член 31, став 3 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 47

Владата ја донесе Уредбата за утврдување на поблиските критериуми и начинот на утврдување на висината за остварување на правото на додаток на плата на вработените во буџетските корисници, единките корисници и фондовите.

## Точка 48

Владата ја разгледа Информацијата за измена на Решението бр.41-12574/5 од 24 декември 2024 година за формирање на Комисија за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со доставување на понуди за површини до 3 хектари по Јавен повик бр.02/24 со архивски бр.41-10761/6 од 11.12.2024 година, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за изменување на Решението за формирање на Комисија за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со доставување на понуди за површини до 3 хектари.

## Точка 49

Владата ја разгледа Информацијата за организациони подготовки за присуство на меѓувладината седница помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Унгарија, на 3 и 4 март 2025 година во Будимпешта, Република Унгарија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да ја изврши услугата за посредување при резервација на авиобилети за патувањето на Делегацијата на Владата на Република Северна Македонија во Будимпешта, Република Унгарија на 3 и 4 март 2025 година во состав од 57 лица.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ја исплати фактурата за реализираните службени патувања директно на економскиот оператор со кој Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија има склучено Договор.

3. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди сместување на претставници на медиумите, во вкупен број од девет лица и тоа од следните медиуми: Сител, МРТВ (двајца претставници), МИА, Канал 5 (двајца претставници), ТВ Алсат, Алфа и Телма и истото да го подмири од своја сметка.

## Точка 50

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори за потпишување на Рамковен аранжман за истражување, со усогласен текст на Рамковен аранжман за истражување и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Рамковниот аранжман за истражување.

2. Се овластува проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука да го потпише Рамковниот аранжман за истражување.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии, потребните средства за реализирање на активностите да се обезбедат во рамки на одобрениот буџет на Министерството.

## Точка 51

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на коефициентите  и вредноста на коефициентот за пресметување на платите на директорите во националните установи од областа на културата.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за култура и туризам да ги дообезбеди потребните финансиски средства за оваа намена по пат на пренамена во сопствениот буџет.

## Точка 52

Владата ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за давање во закуп на недвижни ствари.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:20 часот.

| Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија | Претседател на Владата на Република Северна Македонија |
|---|---|
| Игор Јанушев | проф. д-р Христијан Мицкоски |